Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002), член 11 став 1 алинеа 4, член 141 и член 142 од Законот за социјалната заштита (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), Советот на Општина Делчево, на својата 29. редовна седница одржана на ден 29.11.2023 година ја донесе следната

ОДЛУКА

**за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Делчево**

Член 1

За остварување на дејноста на социјалната заштита во Општина Делчево и развивање на локални мерки и активности за социјална заштита согласно Законот за социјалната заштита, се формира Совет за социјална заштита на Општина Делчево.

Член 2

Советот за социјална заштита на Општина Делчево се формира во следниот состав:

- *Сузана Петровска*, претставник на Општина Делчево,
- *Марија Аџиска*, претставник на ОВР Делчево, ПС- ОН Делчево,
- *Кристина Аралампиевска*, претставник на Основно јавно обвинителство Делчево,
- *Спец. Др Љупка Калаџиска* , претставник на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев„ Делчево,
- *Влатко Митев* , претставник на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево
- *Сања Костадиновска* претставник на Центар за вработување Делчево,
- *Весна Димитровска*, претставник на СОУ „М.М.Брицо„ Делчево,
- *Маријана Стоименовска*, претставник на ООУ „Ванчо Прке„ Делчево,
- *Верица Боинска*, претставник на ООУ „Св.Климент Охридски„ Делчево,
- *Билјана Ѓеоргиевска*, претставник на Црвен крст на Република Северна Македонија Општинска организација Делчево,
- *Александар Николов*, претставник на ЗГ „БРАВУРА КООПЕРАТИВА„ Делчево,
- *Санела Момчилов*, претставник на НВО КХАМ Делчево,
- *Бети Толевска* , претставник на Организација ЖЕНА Делчево,
- Презвитер Милан Ничевски, претставник на Делчевско – Каменичка епархија
- Оџа *Сефадин Селимовски*, претставник на Исламска Верска Заедница Џамија „Фатих Мехмед II„ Делчево.

Член 3

Советот за социјална заштита на Општина Делчево ги има следните надлежности:

- изготвува Социјален план за подрачјето на Општина Делчево, врз основа на кој план Градоначалникот на Општина Делчево изготвува Годишна програма за социјална заштита, која ја донесува Советот на Општина Делчево по претходно мислење од Министерството за труд и социјална политика на РСМ,
- предлага локални мерки и активности за социјална заштита.

Член 4

Мандатот на членовите на Советот за социјална заштита изнесува 4 (четири) години сметано од денот на донесувањето на Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09-2362/1
29.11.2023 г.
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател
Гоце Попов